РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА
ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
Бр. 07-2661/1
30.07.2012 год.
СКОПЈЕ

Бр.07-648/734

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Махи Несими од Тетово, согласно член 14 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), на седницата одржана на ден 30.07.2012 година донесе

## **Р Е Ш Е Н И Е**

СЕ УТВРДУВА соработка со органите на државната безбедност на лицето Махи Несими, ЕМБГ 1302952470019, роден на 13.02.1952 година во с.Отушиште,Тетово со псевдоним "Шар", бил вршител на јавна функција- Амбасадор на Република Македонија.

## **Образложение**

За Махи Несими, лице кое било носител на јавна функција, Амбасадор на Република Македонија, Комисијата за верификација на фактите по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Махи Несими во Управата за безбедност и контраразузнавање постојат документи - предлог за ангажирање на соработник под псевдоним Шар, предлог за дерегистрација , додека другите податоци од неговото досие се уништени, како и во Државен Архив на РМ во личното досие со бр.25925, постојат и службени белешки составени според исказот на изворот "Рено" кои се поврзани со Махи Несими.

Од увидот на податоците доставени од Управата за безбедност и контраразузнавање се утврди дека тие се состојат од следните документи: предлог за регистрација на лицето Махи Несими со евидентен бр.4836 од 20.12.1984 година составен на четири страни, документ од РСВР- СРМ- СДБ IV Сектор Дерегестрирани соработници од 23.02.1990 година, Предлог за дерегистрација

евидентен број 1538 од 24.11.1988 година од две страни и извештај евидентен бр. 415 од 20.03.1985 година од две страни.

Од увидот во документите добиени од Управата за безбедност и контраразузнавање при Министерството за внатрешни работи на РМ и увидот во личното досие под бр.25925 водено за друго лице, во Државниот архив на Република Македонија, се утврди дека лицето Махи Несими , со ЕМБГ 1302952470019 , роден на 13.02.1952 година во с.Отушиште,Тетово, со псевдоним "Шар", бил вршител на јавна функција- Амбасадор на РМ, најпрвин бил ангажиран во оперативен однос, а од 20.12.1984 година службата го регистрирала како оперативна врска, соработник на доброволна основа. Истиот, соработката ја обавувал преку добиениот псевдоним " Шар" а бил ангажиран во соработничката мрежа по линија на АНС ( Албански национализам и сепаратизам) за следење на активностите на одредени лица, граѓани на тогашната СРМ, доставување информации од разговорите од неговата работна организација, но и надвор од неа. Според нотираната документација и тоа предлог регистрација, поради тоа што имал блиски врски и односи со лица интересни на АНИ, со кои остварува бројни контакти како на работното место, така и дома, можноста да разговара за многу актуелни теми политички настани и состојби, за кои во претходниот период бил користен како оперативна врска. Истакнато е дека во тој период реално презентирал бројни сознанија од интерес на службата, кои беа потврдени од други извори. За оперативниот однос на лицето стои дека оперативниот однос бил воспоставен на почетокот на 1983 година, врз база на претходни проверки и проучувања за неговото потесно и пошироко семејство. Во континуитет се одвивал процесот на негово систематско и стручно оспособување за извршување и на посуптилни задачи, во кои даде и бројни безбедносно интересни сознанија за лицата интересни за службата. Истакнато е дека службата ќе му ги надоместува материјалните трошоци само во исклучителни случаи и околности, ако тоа го наметне потребата од извршување на задачите и при евентуални други трошоци што произлегуваат од позитивните правни прописи за кои ќе се поднесе предлог во секој случај одделно. Неговиот соработнички однос се утврди и од документот ев.бр.415 од 20.03.1985 година, каде на службите и презентира сознанија за односите во редакцијата каде работи и лицата кои ги следи. Неспорноста за соработката се поткрепува и во документите и податоците утврдени во личното досие бр.25925 водено за друго лице, неспорно се утврди дека истиот бил соработник на службата за државна безбедност.

Неговиот соработнички однос завршува на 24.11.1988 година, кога бил даден и предлог за престанок на соработката и да биде дерегистриран.

Сите овие докази за Махи Несими содржани во документацијата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Државен архив на РМ,Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, соглано член 29 и 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ја утврди соработката со органите на државната безбедност и дека го исполнува условот за ограничување за вршење јавна функција.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Аџиев

ПОУКА: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд лицето Махир Несими да ја извести Комисијата.

ДНА: Да се достави до лицето Махир Несими .